ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0202-552/7
15.06.2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член на 32 став 1 точка 8 од Статутот на Црвен крст на Република Северна Македонија за донесување на одлуки помеѓу две седници на Раководниот одбор на Црвениот крст на РСМ, донесени од претседателот и потпретседателите на Црвениот крст на РСМ, Претседателот на ден 15.06.2020 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Правилникот за именување и разрешување на генерален секретар на Црвен крст на Република Северна Македонија, секретар на град Скопје и секретар на општинска организација на Црвен крст**

Член 1

Во Правилникот за именување и разрешување на генерален секретар на Црвен крст на Република Северна Македонија, секретар на град Скопје и секретар на општинска организација на Црвен крст (бр. 0202- 583/7 од 07.06.2018 година и Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за именување и разрешување на генерален секретар на Црвен крст на Република Северна Македонија, секретар на град Скопје и секретар на општинска организација на Црвен крст бр.0202-1187/13 од 19.12.2019 година) по членот 16 се додава нов поднаслов и нов член 17:

„ 2.7 Овластување поради отсуство

Член 17

На барање на Генералниот секретар/Секретарот на ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК или на иницијатива на Претседателот на ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК, Раководниот одбор на ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК може да донесе одлука со која ќе овласти друго лице од редот на членството на Црвениот крст или вработено лице во стручната служба на ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК за замена на Генералниот секретар/Секретарот за одреден период во времетраењето на неговиот мандат, и тоа само во случај на:

- породилно отсуство,
- подолготрајно боледување, и
- друг вид на подолготрајно отсуство.

Во случаите од став 1 на овој член Раководниот одбор на ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК носи одлука во која го опфаќа временскиот период на овластување, причините поради кое се овластува друго лице во тој период да ја врши функцијата на генерален секретар/секретар и обемот на овластувањето.

Во временскиот период во кој трае овластувањето согласно Одлуката на Раководниот одбор на ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК, Генералниот секретар/Секретарот кој се

заменува со Одлуката не смее да превзема никакви активности и дејствија во правниот промет кои произлегуваат од неговиот мандат како генерален секретар/секретар согласно Статутот и интерните акти на ЦКРСМ и како одговорно и овластено лице на ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК.

За донесување на Одлука за овластување на лице за замена на секретар на ЦКГС/ООЦК се применуваат одредбите од член 16 став 2, 3 и 4 на овој Правилник со кои се разработува постапката за добивање на согласност и назначување на ВД секретар на ЦКГС/ООЦК.“

Член 2

Останатите одредби од Правилникот остануваат непроменети и со дополнувањето со новиот член 17 бројот на членовите во продолжение се поместува за еден број нагоре.

Член 3

Се задолжува Комисијата за статут и нормативни акти на Црвениот крст на РСМ да изготви пречистен текст на Правилникот.

Член 4

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседател,

Проф. д-р Ромел Велев

ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

ДН:
- ЦКГС/ООЦК
-Сектори и Одделенија
-Служба за финансии и ревизија
-Архива